

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА НОВАЦИ

за 2024-2025

ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА **ОПШТИНА НОВАЦИ**
за 2024-2025

# Содржина


**Предговор од градоначалникот** ---------- 3

1. **Вовед** ---------- 4
2. **Национална легислатива и обврски** ---------- 5
3. **Анализа на постоечка состојба** ---------- 6
4. **Акциски план за 2024-2025** ---------- 8
5. **Следење на реализација на ЛАП и известување** ---------- 26
6. **Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија** ---------- 28

**Изјава за транспарентност** ---------- 29



Содржината на овој план е сопственост на Општина Новаци и резултат на повеќемесечен труд на членовите на работната група. Придонесот на САЛАР и на Шведската влада беше ограничен на обезбедување техничка помош и финансиска поддршка на процесот.


SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden
Sverige


Слика на насловна страна: Kiril Simeonovski — сопствено дело, CC BY-SA 4.0

# Предговор од градоначалникот

## Почитувани граѓани,



Локалниот акциски план на Општина Новаци за периодот 2024-2025 година претставува документ кој е од големо значење за Општина Новаци но и за целиот регион и истиот претставува појдовна точка во насока на заштита на животната средина преку поефикасно собирање, третирање и селектирање на отпадот, што во моментот претставува голем предизвик како за нас како општина, така и за целата држава.

Имајќи предвид дека се стремиме да станеме дел од европското семејство и да отпочнеме преговори за влез во ЕУ, едно од главните поглавја во преговарачкиот процес ќе биде животната средина и нејзината заштита. Токму поради ова, сите ние како чинители на општественото уредување, треба да вложиме максимални напори во насока на заштита на животната средина, каде еден од најзначајните аспекти секако е селекцијата и третманот на сите видови на отпад. Иако нашата држава има стратегија за управување со отпадот на национално ниво, сепак работите во пракса потешко се спроведуваат и реалноста е многу поинаква.

Целта на Локалниот акциски план на Општина Новаци е да создаде фронт на соработка и иновации во управувањето со отпадот, фокусирајќи се на следните принципи: собирање и рециклирање на отпадот, инклузивно учество, образование и информирање, зачувување на природните ресурси, заштита на јавното здравје, подигнување на локалната свест и постојано следење и евалуација.

Изработката на овој план демонстрира сериозна посветеност на општината кон подобрување на квалитетот на живот на своите жители и заштита на околината и кон создавање на трајно одржлива и еколошки пријатна локална заедница. Овој документ е резултат на тимска соработка помеѓу општинските власти, локалната заедница и експертите во областа на заштитата на животната средина.

Нашиот оптимистички поглед и визија се вградени во секој аспект од овој акциски план, а со цел да го подигнеме управувањето со отпадот на повисоко ниво. Преку воведување на иновативни практики и технологии ќе работиме да го намалиме еколошкото влијание и да го подобриме квалитетот на нашата околина. Истовремено, ќе вложиме напори да го подигнеме нивото на јавна свест и љубовта кон нашата природа и заедно со граѓаните да создадеме чиста и здрава средина без ѓубришта и диви депонии.

Сите заедно, како заедница, сме дел од оваа приказна која не води кон подобро утре. Секој напор, секоја образовна кампања, секоја активност се само уште една капка во морето на промени. Заедно можеме да направиме многу и нашиот дом да им го оставиме во наследство на нашите идни поколенија како чиста и здрава животна средина.

Со Почит,

**Стевче Стевановски**

**Градоначалник на Општина Новаци**

# 1. Вовед

На патот кон одржливо управување со отпадот, Република Северна Македонија веќе има преземено чекори кои постепено ги надминуваат постоечките проблеми за подобрување на системите за собирање и третман на отпадот и премин од линеарна во циркуларна економија. Новиот Закон за управување со отпадот[1], Планот за управување со отпад 2020-2030, воспоставувањето на регионалниот систем за управување со отпад, како и воспоставување на организации за проширена одговорност на производителите поставија солидна основа за воспоставување на ефективна оперативна рамка и подобрување на капацитетите и праксите на сите чинители во областа.

Следејќи ги насоките од регионалните планови за управување со отпад, во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ спроведуван од SALAR International, а финансиран од шведската влада преку Сида, беше развиен Оперативен регионален план за управување со отпад (ОРПУО) за пелагонискиот и југозападниот регион. Изработен заедно со општините од двата плански региона, ОРПУО претставува практичен документ кој ги локализира националните приоритети и цели и овозможува оптимално искористување на општинските ресурси. Инклузивниот и транспарентен процес го засили сопственништвото врз планот и им овозможи на сите чинители подобро да ја разберат важноста на одржливото управување со отпадот.

Важен дел од целиот процес е и склучениот договор за заем од 55 милиони евра со Европската банка за обнова и развој кој вклучува изградба на три регионални депонии, набавка на возила и опрема како и техничка помош за поддршка на регионалниот систем за управување со отпад.

Заемот ќе обезбеди средства за нужното модернизирање на возниот парк на општинските комунални претпријатија и ќе ја нагласи клучната улога на (про)активното учество на општините во одржливото управување со отпадот.

Локалниот акциски план (ЛАП) за управување со отпад 2024-2025 на општина Новаци беше изработен со цел да се утврдат локалните политики за управување со отпадот, да се утврди опсегот на интервенциите и да се постават јасни цели со детални чекори за нивна реализација.

Насоките во планот за намалување на создадениот отпад и подобрување на локалните пракси за селекција, собирање и депонирање на отпадот се во согласност со меѓународните стандарди и добри пракси за цврст отпад и директно водат кон намалување на влијанието врз животната средина. Регионалната перспектива и нагласокот на меѓуопштинската соработка беа меѓу приоритетите при изработката на ЛАП. Спојувањето на двата региона (пелагониски и југозападен) во еден регион за управување со отпад создава можност, но и обврска за блиска соработка помеѓу општините. Интегрирањето на инклузивните процеси и родовата перспектива во финалниот документ ќе придонесе кон зголемена родова еднаквост, подобар пристап на ранливите групи до услугите во секоја од општините и подобрување на квалитетот на живот на населението.

Планот беше изработен од работна група посебно формирана за оваа цел, во состав:

1. **Катерина Чукалевска** – Советник за пишување проекти
2. **Игорче Ристески** – Советник за енергетска ефикасност
3. **Благојче Бежановски** – Советник за комунална инфраструктура, сообраќај и жс
4. **Летка Јовановска** – Раководител на одделение за комунални дејности и ЛЕР
5. **Оливера Димитровска** – Раководител на оддел за финансиски прашања

1 Закон за управување со отпад (Службен Весник бр. 216/2021)

# 2. Национална легислатива и обврски

Развојот на законодавството и политиките од областа на животната средина се прилично динамични процеси и Република Северна Македонија постојано ги следи тековите и промените во еколошкото законодавство на ЕУ како правна база за изградба на еколошки стандарди во разни сектори на животната средина, вклучувајќи го и управувањето со отпадот. Во тој поглед, новиот **Закон за управување со отпад** ја транспонира европската директива за отпад (2008/98/ЕС) како и новата директива со измените од 2018 година (2018/851) со што се нагласува обврската на локалната самоуправа да управува со комуналниот отпад. Новиот закон јасно се повикува на начелата за заштита на животната средина, начелото на претпазливост и на начелото за универзалност на услугата за управување со отпадот и го допрецизира регионалниот систем за управување со отпадот како и улогите на националните и локалните актери. Со стимулација на мерки за намалување на количината на создаден отпад и одрживо управување со отпадот, Законот цели кон зачувување на ресурсите и спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина.

**Националната стратегија за управување со отпад 2008-2020** ја одразува политиката за управување со отпад и претставува основа за подготовка и спроведување на интегриран и финансиски одржлив систем. Стратегијата обезбедува насоки за активностите во областа на управувањето со отпадот со цел да се надмине неприфатливата состојба на животната средина во земјава која има негативно влијание врз водата, почвата и воздухот како и врз човековото здравје.

Надоврзувајќи се на основата поставена од Стратегијата, **Националниот план за управување со отпад 2020-2030** ја дефинира рамката за креирање и функционирање на интегриран систем за управување со отпад во согласност со хиерархијата за отпад и законодавството на ЕУ и да се постигне еколошки безбедна преработка и отстранување на отпадот во согласност со приликите во Република Северна Македонија. Одржливо функционирање на базичната инфраструктура за управување со комуналниот отпад (организациски и финансиски структури, техничка инфраструктура и правна рамка) е основната цел на Планот.

Институционалната рамка за управување со отпад е јасно дефинирана. Министерството за животна средина и просторно планирање е институција која е одговорна за креирање на политиката за управување со отпад на национално ниво, додека политиката на локално ниво е одговорност на општините. Оперативните активности како што се собирање, селекција, транспорт и депонирање се организирани преку јавните комунални претпријатија. Колективните постапувачи се исто така дел од системот за управување со различни текови на отпад, како на пример отпад од пакување, отпад од електрична и електронска опрема, отпад од батерии и акумулатори и други текови отпад кои го помагаат управувањето преку воспоставување дополнителна мрежа за селекција и спроведуваат активности за подигнување на јавната свест.

Со цел обезбедување финансиски само-одржлив систем за управување со отпад, Законот за управување со отпад го наложува и промовира регионалниот пристап. **Регионалниот систем за управување со отпад** подразбира здружување на општините во пет региони, формирање на меѓуопштински одбори за управување со отпадот за секој регион и изградба на регионални депонии со кои ќе управува **Регионално комунално претпријатие**. Изготвувањето и следењето на реализацијата на **Регионалниот план за управување со отпад** е обврска на новоформираните организациски единици за управување со отпад во Центрите за развој на планските региони.

Регионалното управување со отпад претставува современ, стратешки пристап во управувањето со отпадот и предуслов за систематско решавање на проблемите со отпадот. Интегрираното регионално управување со комуналниот цврст отпад подразбира постепено затворање на несанитарните комунални и диви депонии откако новите регионални санитарни депонииi ќе станат оперативни.

# 3. Анализа на постоечка состојба

Општината Новаци зафаќа површина од 773 км2 во јужниот дел на Република Македонија и се наоѓа на надморска височина од 580 метри, на географска ширина од 41° 2′ 40″ и географска должина 21° 27′ 40″. Климата на подрачјето на општината е умерено-континентална, со одредени специфичности – според температурните вредности е континентална, а според врнежите е до извесен степен медитеранска. Во мариовскиот регион е планиска, додека по течението на Црна Река се чувствува влијанието на медитеранската клима.

Просечната годишна температура е 10,7°C, највисоката е 41,2°C, а најниската -30°C. Вкупната температурна промена на релација поле планина е од 20 – 30°. Најстуден месец е јануари. Вкупно сончеви часови годишно – 2 325 часа. Просечно годишни врнежи се 600 мм на 1 м2. Во годината има просечно 25 магливи денови.

Како куриозитет е податокот дека изохазмата 0,1 минува на секои 10 години, што значи дека на секои 10 години на небото може да се забележи поларна светлина.

Општината брои 41 село, од кои 34 рамничарски и 7 ридско-планински. Општинскиот центар од најблискиот град Битола е оддалечен 11 км. Општината е петта општина во Република Македонија според големина на обработливо земјиште – располага со 22.905 хектари обработливо земјиште. Исто така, општината има 28.952 хектари пасишта и 17.000 хектари шуми.

Подрачјето на општината опфаќа делови од планините Ниџе (со врвовите Кајмакчалан на висина од 2520м, Ниџе на висина од 2361м и Добро Поле на висина од 1815м), Селечка планина и Дрен.

| | **Вкупно попишани** | | | **Вкупно резидентно население** | | | **Вкупно нерезидентно неселение** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Пол – ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** | **Пол – ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** | **Пол – ВКУПНО** | **Мажи** | **Жени** |
| Новаци | | | | | | | | | |
| Етничка припадност – ВКУПНО | 2 726 | 1 423 | 1 303 | 2 648 | 1 377 | 1 271 | 78 | 46 | 32 |
| Македонци | 2 497 | 1 308 | 1 189 | 2 427 | 1 266 | 1 161 | 70 | 42 | 28 |
| Албанци | 47 | 17 | 30 | 46 | 17 | 29 | 1 | – | 1 |
| Турци | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | – | 2 | 1 | 1 |
| Роми | – | – | – | – | – | – | – | – | – |
| Власи | – | – | – | – | – | – | – | – | – |
| Срби | 4 | 3 | 1 | 4 | 3 | 1 | – | – | – |
| Бошњаци | – | – | – | – | – | – | – | – | – |
| Други неспомнати | 19 | 12 | 7 | 14 | 9 | 5 | 5 | 3 | 2 |
| Не се изјасниле | 1 | 1 | – | 1 | 1 | – | – | – | – |
| Непознато | 1 | – | 1 | 1 | – | 1 | – | – | – |
| Лица за кои податоците се превземени од административни извори | 154 | 80 | 74 | 154 | 80 | 74 | – | – | – |

Извор: Макстат база на податоци

Реки кои проаѓаат низ општината се: Црна Река, Градешка Река, Бела Река, Елешка Река, Коњарка, Сатока и други. Постои и едно вештачко езеро на РЕК Битола, како и минерални извори во Гермијан и Меџитлија.

Според последниот попис направен во 2021 година, Општина Новаци брои вкупно 2648 население, односно 855 домаќинства кои живеат во 1395 станови, што ја прави општината една од најретко населените општини во државата.

Поголеми индустриски објекти во општината се: Рударско-енергетскиот комбинат Битола, Земјоделскиот комбинат Пелагонија, Фабриката за производство на енергетски машини и турбини ФОД и други.

Основни стопански гранки се: поледелство, сточарство, пчеларство и други. Се одгледуваат житни растенија и разни фуражни и градинарски култури, крупен и ситен добиток и живина.

Централна населба во општината е Новаци – развиено село со 1283 жители, односно 36% од вкупното население во општината. Во општината постојат полициска, здравствена и ветеринарна станица, детска игротека „Бамби“, компјутерски центар, два интернет клубови, центар за изучување странски јазици.

Општина Новаци со новиот Закон за територијална организација на единиците на локална самоуправа во Република Северна Македонија ја сочинуваат досегашните општини Бач, Новаци и Старавина – општини кои припаѓаат на категоријата на рурални општини.

Во Новаци се наоѓа централното основно училиште „Славко Лумбарковски“, со подрачни училишта во селата Бач, Дедебалци, Живојно, Брод, Добромири, Рибарци итн.

**Табела:** Вкупна количина на создаден и собран отпад по вид и години во тони и $м^3$

| ОПШТИНА НОВАЦИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
| | Создаден | Собран | Создаден | Собран | Создаден | Собран |
| Хартија | | | | | | |
| Стакло | | | | | | |
| Пластика | | | | | | |
| Органски отпад | | | | | | |
| Останат комунален отпад | | 625 | | 1009 | | 750 |
| ВКУПНО | 2,976.0 | 625,0 | 3,081.0 | 1,009.0 | 0.0 | 750.0 |
| % на сортиран отпад | 0.00 | | 0.00 | | | |
| % на собран отпад | 21.00 | | 32.75 | | | |
| % на домаќинства покриени со услуга | | | | | | |
| % на наплатен надомест | | | | | | |
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНИ (во тони) | | | | | | |
| Градежен отпад | | | | | | |
| Кабаст отпад | | | | | | |
| ВКУПНО | | 0 | | 0 | | 0 |

**Табела:** Возила за управување со отпад во општина Новаци

| ОПШТИНА НОВАЦИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА | | | | | |
| Назив на возило | Модел | Тип | Година на производство | Капацитет ($м^3$) | Вкупен број вакви возила |
| Мерцедес | Атефо 815 | ЕФЕ 222 | 2003 | 8 | 1 |
| Мицубиши | Фусо | | 2020 | 8 | 1 |

# 4. Акциски план за 2024-2025

| ОПШТИНА НОВАЦИ | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | | |
| Цел 1.1 | | Подобрено собирање и транспортирање на отпадот преку планирање | | | | | | | | |
| Акција 1.1.2 | | Анализа на маршрути за собирање и потребни возила, вклучувајќи типови и број на контејнери и канти | | | | | | | | |
| Координација со: | | Општина Битола, ЈКП Комунална хигиена Новаци | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.2.1 | Формирање работна група за утврдување на маршрутите | 1 месец | 1/2024 | Одделение ЛЕР (животна средина) | / | / | Консултација со експерт за животна средина (меѓуопштинска соработка) | Нема адаптиран план за маршрути и потребни возила, канти и контејнери | Адаптиран план за маршрути и утврден број на потребни возила, канти и контејнери |
| 1.1.2.2 | Анализа на маршрутите и моменталниот број на возила, канти и контејнери | 3 месеци | 2/2024 | Работна група и Одделение ЛЕР (животна средина) | / | / | соработка со ЈКП Комунална хигиена Новаци | | |
| 1.1.2.3 | Утврдени маршрути за собирање на отпад, потребни возила и канти и контејнери | 2 месеци | 3/2024 | Работна група и Одделение ЛЕР (животна средина) | / | / | соработка со ЈКП Комунална хигиена Новаци | | |

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.1 | | Подобрено собирање и транспортирање преку планирање | | | | | | | |
| Акција 1.1.6 | | Развивање и испорака на образовни програми за вработените за соодветни организациски процеси и управување со податоци | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.6.1 | Анализа на потребите за видот образовни програми наменети за вработените | 3 месеци | 1/2024 | ЈКП Комунална Хигиена Новаци и Одделение ЛЕР (животна средина) | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Нема организирани образовни програми наменети за вработените | Соодветни образовни програми се развиени и испорачани на вработените<br><br>Најмалку 40% од обучените се жени |
| 1.1.6.2 | Развој на соодветни образовни програми врз основа на идентификуваните потреби | 2 месеци | 2/2024 | ЈКП Комунална Хигиена Новаци и Одделение ЛЕР (животна средина) | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 1.1.6.3 | Испорака на образовните програми за вработените | 6 месеци | 3/2024 - 4/2024 | ЈКП Комунална Хигиена Новаци и Одделение ЛЕР (животна средина) | 120,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.2 | | Зголемен возен парк и број на канти/контејнери | | | | | | | |
| Акција 1.2.1 | | Идентификување на извори на финансирање и ефективно финансиско планирање | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.2.1.1 | Формирање работна група од ЛЕР и финансии | 1 месец | 1/2024 | Одделение ЛЕР (животна средина) и Одделение Финансии | / | / | / | Не постои редовно следење на извори на финансирање | Изворите на финансирање редовно се следат и се подготвуваат полугодишни извешати |
| 1.2.1.2 | Следење на актуелни или идни повици за финансирање | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Работна група | / | / | Техничка поддршка - САЛАР | | |
| 1.2.1.3 | Полугодишен извештај за извори за финансирање и финансиско планирање | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Работна група | / | / | Техничка поддршка - САЛАР | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
| Цел 2.1 | | Идентификувани количини на посебни текови што се создаваат во општината | | | | | | | |
| Акција 2.1.1 и 2.1.2 | | Подготовка на листа за посебни текови на отпад и анализа за утврување на специфични текови на отпад што се создаваат на територијата на општината | | | | | | | |
| Координација со: | | Општина Битола, ЈКП Комунална Хигиена Новаци | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.1.1.1 | Дефинирање на посебни текови на отпад во општината | 2 месеци | 1/2024 | Одделение за животна средина (меѓуопштинска соработка) | 60,000.00 ден | Буџет на општина | Експерт за животна средина (меѓуопштинска соработка со Битола) | Нема ажурирана листа и сеопфатна анализа за посебни текови на отпад | Изработена е листа за посебни текови на отпад која редовно се ажурира.<br>Подготвена анализа на специфични текови на отпад и начин на постапување |
| 2.1.1.2 | Анализа на посебни и специфични текови на отпад што се создаваат на територијата на општината и начин на постапување | 2 месеци | 2/2024 | Одделение за животна средина (меѓуопштинска соработка) | / | / | Експерт за животна средина (меѓуопштинска соработка со Битола) | | |
| 2.1.1.3 | Изработен извештај и листа за посебни текови на отпад | 1 месец | 2/2024 | Одделение за животна средина (меѓуопштинска соработка) | 50,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.2 и 2.3 | | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Акција 2.2.1, 2.2.2 и 2.3.5 | | Анализа на пазарот на материјали за рециклирање и трошоци за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Координација со: | | Министерство за животна средина, Општина Битола, ЈКП Комунална Хигиена Новаци и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.2.1.1 | Остварување редовна комуникација со Министерство за животна средина (обезбедување на регистар на фирми кои се занимаваат со селекција и рециклирање на отпад) | Континуирано | 1/2024 - 4/2025 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | / | / | / | Не постои сеопфатна анализа<br>Не се идентификувани сите можни купувачи на отпад на пазарот | Подготвена анализа на пазарот на материјали<br>Дефинирана најмалку една можност/ придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и рециклирање на отпад<br>Идентификувани се можните купувачи на отпад на пазарот |
| 2.2.1.2 | Спроведување на сеопфатна анализа на пазарот за трошоци за селекција и рециклирање на отпад | 2 месеци | 2/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 2.2.1.3 | Изработка на извештај за можности за селекција и рециклирање на отпад и трошоци/ придобивки | 1 месец | 2/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | 150,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 2.2.1.4 | Идентификување и обезбедување на купувачи на отпад | 1 месец | 4/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | / | / | Техничка поддршка од САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.2 | | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | |
| Акција 2.2.4 | | Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за придобивките од селекцијата на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.2.4.1 | Споведување на мини еко канпањи преку културни настани | Континуирано | 1/2024 - 4/2025 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | 30,000.00 ден | Буџет на општината | Поодршка и координација со колективните постапувачи | Ниско ниво на информираност на населението за придобивките од селекцијата на отпад | Подигнување на степенот на информираност кај населението за придобивките од селекција на отпад<br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи |
| 2.2.4.2 | Спроведување на кампања за подигнување на свеста за придобивките од селекција на отпад | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | 200,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Техничка поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| Акција 2.3.7 | | Набавка на контејнери, канти и возила за собирање на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.7.1 | Утврдување на потреба од возила, канти и контејнери | 1 месец | 1/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | / | Нема доволен број на контејнери, канти и возила | Набавени дополнителен број на контејнери, канти и возила |
| 2.3.7.2 | Набавка на возила, канти и контејнери | 4 месеци | 2/2024 - 3/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | МЖСПП/ЕБОР | / | | |

| Приоритет 3 | | Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 3.1 | | Создавање пресретлива средина за селекција на органски отпад | | | | | | | |
| Акција 3.1.1 и 3.1.2 | | Анализа на количини и модели на органски отпад и исплатливост и придобивки за селекција и третман на органски отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | Општина Битола, ЈКП Комунална Хигиена Новаци и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 3.1.1.1 | Ангажман на експерт за изработка на анализата | 1 месец | 1/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Не постои анализа на количини и модели на органски отпад | Подготвена анализа со препораки за исплатливост и придобивки од селекција на органски отпад<br><br>Дефинирана најмалку една можност/ придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и третман на органски отпад |
| 3.1.1.2 | Спроведување на анализа  за количини и модели на органски отпад | 2 месеца | 2/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 3.1.1.3 | Подготовка на извештај за количини и модели на органски отпад со препораки за исплатливост и придобивки од селекцијата | 1 месец | 2/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | 150,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 3 | | Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија | | | | | | | |
| Цел 3.1 | | Создавање пресретлива средина за селекција на органски отпад | | | | | | | |
| Акција 3.1.4 | | Подигнување на јавна свест за селекција и третман на органски отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | Општина Битола, ЈКП Комунална Хигиена Новаци и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 3.1.4.1 | Спроведување на еко акции и едукативни часови во основното училиште и детската градинка | Два пати годишно | 1/2024 - 4/2025 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | 30,000.00 ден | Буџет на општина | Надворешен експерт (или со меѓуопштинска соработка) | Ниско ниво на информираност на населението за селекција и третман на органски отпад | Подигнување на степенот на информираност кај населението за придобивките од селекција и третман на органски отпад<br><br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи |
| 3.1.4.2 | Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за селекција на органиски отпад | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Одделение за ЛЕР (животна средина) | 200,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Техничка поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 4 | | Изградба на депонија согласно стандардите на ЕУ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 4.2 | | Основано регионално комунално претпријатие | | | | | | | |
| Акција 4.2.1, 4.2.2 и 4.2.3 | | Дефинирање на носителот на иницијативата, потпишување договор за меѓуопштинска соработка и избор на раководна структура | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР, општини од региони | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 4.1.1.1 | Носење на иницијатива | 1 месец | 1/2024 | Градоначалник | / | / | Правна поддршка | Нема договор за меѓуопштинска соработка за основање на регионално комунално претпријатие | Воспоставена е меѓуопштинска соработка за основање на регионално комунално претпријатие |
| 4.1.1.2 | Донесување на одлука на совет | 1 месец | 2/2024 | Совет на Општина | / | / | МЖСПП | | |
| 4.1.1.3 | Потпишување на договор за меѓуопштинска соработка | 1 месец | 2/2024 | Градоначалник | / | / | Правна поддршка | | |
| 4.1.1.4 | Избор на раководни структури | 1 месец | 3/2024 | Градоначалници од Пелагонсики и Југозападен регион | / | / | / | | |

| Приоритет 5 | | Затварање и санација на ѓубришта | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 5.1 | | Изработени се општински планови за затворање и санација | | | | | | | |
| Акција 5.1.1 | | Мапирање на општински ѓубришта | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 5.1.1.1 | Собирање на податоци/мапирање на општински ѓубришта | 1 месец | 3/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | / | Општинските ѓубришта не се ажурирани<br><br>Не постои регионална база на податоци | Општинските ѓубришта редовно се ажурираат<br><br>Креирана е регионална база на податоци за ѓубришта |
| 5.1.1.2 | Извештај за лоцирани општински ѓубришта | 1 месец | 4/2024 | Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | / | | |
| 5.1.1.3 | Изработка на регионална база на мапирани ѓубришта | 6 месеци | 1/2025 - 2/2025 | Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци | 150,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Техничка поддршка - САЛАР | | |

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 5</td><td colspan="8">Затворање и санација на ѓубришта</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 5.1</td><td colspan="8">Изработени се општински планови за затворање и санација</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 5.1.2 и 5.1.3</td><td colspan="8">Изработка на приоритетна листа на ѓубришта и проценка на трошоците за активности (вклучување на активностите во општинските буџети)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">ЈКП Комунална Хигиена Новаци</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>5.1.2.1</td><td>Изработка на приоритетна листа на ѓубришта</td><td>2 месеци</td><td>4/2024</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td rowspan="3">Не е изработена приоритетна листа на ѓубришта и проценка на трошоците за санација и затворање</td><td rowspan="3">Изработена е приоритетна листа на ѓубришта и направена е проценка на трошоците за санација и затворање</td></tr>
<tr><td>5.1.2.2</td><td>Идентификување потребни средства за санација и затварање на депониите</td><td>1 месец</td><td>4/2024</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина, Одделение за финансии и ЈКП Комунална хигиена</td><td>/</td><td>/</td><td>Техничка поддршка од САЛАР</td></tr>
<tr><td>5.1.2.3</td><td>Вклучување на идентификуваните средства во општинскиот Буџет</td><td>1 месец</td><td>4/2024</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина, Одделение за финансии и ЈКП Комунална хигиена</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 5</td><td colspan="8">Затворање и санација на ѓубришта</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 5.2</td><td colspan="8">Постигнати се општинските планови за затворање и санација</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 5.2.1</td><td colspan="8">Спроведување на планот според поставените приоритети</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">ЈКП Комунална Хигиена Новаци</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>5.2.1.1</td><td>Изготвување на план со утврдени приоритети за затворање и санација на ѓубришта</td><td>2 месеци</td><td>1/2025 и 2/2025</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци</td><td>/</td><td>/</td><td>Техничка поддршка од експерт за животна средина/ управување со отпад</td><td rowspan="2">Не постои план за затворање и санација</td><td rowspan="2">Утврден е план со поставени приоритети и истиот се спроведува</td></tr>
<tr><td>5.2.1.2</td><td>Спроведување на планот според утврдените приоритети за санација и затварање на ѓубриштата</td><td>6 месеци</td><td>3/2025 - 4/2025</td><td>ЈКП Комунална хигиена Новаци</td><td>Согласно идентификува-ните средства од претходната акција</td><td>Буџет на ЈКП Комунална хигиена</td><td>Техничка поддршка од експерт за животна средина/ управување со отпад</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 5</td><td colspan="8">Затворање и санација на ѓубришта</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 5.2</td><td colspan="8">Постигнати се општинските планови за затворање и санација</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 5.2.2</td><td colspan="8">Следење и евалуација на активностите</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">Општина Битола, ЈКП Комунална Хигиена Новаци</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>5.2.2.1</td><td>Формирање на работно тело за следење и евалуација на активностите</td><td>1 месец</td><td>2/2025</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина) и ЈКП Комунална хигиена Новаци</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td rowspan="2">Планот и активностите за затворање и санација се уште не се подготвени</td><td rowspan="2">Планот и активностите редовно се следат и евалуираат</td></tr>
<tr><td>5.2.2.2</td><td>Изготвување на записник од извршен инспекциски надзор при санација на депониите</td><td>6 месеци</td><td>3/2025 - 4/2025</td><td>Одделение за животна средина (меѓуопштинска соработка со Општина Битола)</td><td>80,000.00 ден</td><td>Буџет на општината</td><td>Инспектор за животна средина (меѓуопштинска соработка со Општина Битола)</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 5</td><td colspan="8">Затворање и санација на ѓубришта</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 5.2</td><td colspan="8">Постигнати се општинските планови за затворање и санација</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 5.2.3</td><td colspan="8">Подигање на јавната свест и мотивирање за соодветно депонирање на отпадот за општините да бидат чисти и уредни</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">Општина Битола, ЈКП Комунална Хигиена Новаци и САЛАР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>5.2.3.1</td><td>Спроведување на едукативни состаноци за депонирање на отпад</td><td>Два пати годишно</td><td>1/2024 - 4/2025</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина)</td><td>40,000.00 ден</td><td>Буџет на општината</td><td>Техничка поддршка - САЛАР</td><td rowspan="4">Постои потреба од подигнување на јавната свест</td><td rowspan="4">Јавната свест е подигната и населението е поинформирано за соодветно депонирање на отпадот<br><br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи</td></tr>
<tr><td>5.2.3.2</td><td>Спроведување на мини еко кампањи во рамки на културни настани кои ги организира општината</td><td>Два пати годишно</td><td>1/2024 - 4/2025</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина)</td><td>30,000.00 ден</td><td>Буџет на општината</td><td>Техничка поддршка - САЛАР</td></tr>
<tr><td>5.2.3.3</td><td>Спроведување на еко акции и едукативни часови во основното училиште и детската градинка</td><td>Два пати годишно</td><td>1/2024 - 4/2025</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина)</td><td>/</td><td>/</td><td>Техничка поддршка - САЛАР</td></tr>
<tr><td>5.2.3.4</td><td>Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за чиста и уредна општина</td><td>18 месеци</td><td>3/2024 - 4/2025</td><td>Одделение за ЛЕР (животна средина)</td><td>200,000.00 ден</td><td>Донаторска поддршка - Сида/САЛАР</td><td>Експертска поддршка - САЛАР</td></tr>
</table>

| Приоритет 6 | | Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 6.1 | | Спроведена е анализа за пропустите во надоместоците за отпад | | | | | | | |
| Акција 6.1.1 | | Идентификување на јазот помеѓу приходите и расходите на активностите за управување со отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци и САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 6.1.1.1 | Ангажирање на експерт за спроведување на анализата | 3 месеци | 1/2024 | Одделение за животна средина и ЈКП Комунална Хигиена Новаци | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Не постои анализа за јазот меѓу приходите и расходите | Подготвен извештај со препораки за надминување на јазот помеѓу приходите и расходите |
| 6.1.1.2 | Спроведување на сеопфатна анализа на приходите/ расходите за управување со отпад и извештај | 3 месеци | 2/2024 | Одделение за животна средина и ЈКП Комунална Хигиена Новаци | 200,000.00 ден | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 6.1.1.3 | Усвојување на препораките и нивно спроведување од страна на ЈКП | 12 месеци | 1/2025 - 4/2025 | Одделение за животна средина и ЈКП Комунална Хигиена Новаци | / | Донаторска поддршка - Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |

| Приоритет 6 | | Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 6.1 | | Спроведена е анализа за пропустите во надоместоците за отпад | | | | | | | |
| Акција 6.1.2 | | Утврдување на стапката на наплата на надоместокот за отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 6.1.2.1 | Детален преглед (анализа) на финансиските извештаи на ЈКП Комунална Хигиена Новаци | 1 месец | 4/2024 | Одделение за финансии, ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | Консултација со ЈКП Комунална Хигиена Новаци и техничка поддршка од САЛАР | Постои потреба за корекција на стапката на наплата | Подготвени се препораки за утврдување на стапката на наплата на надоместокот за отпад |
| 6.1.2.2 | Изготвување на извештај од анализата за пропустите во надоместоците за отпад со препорака за стапка на наплата на надоместокот за отпад | 1 месец | 4/2024 | Одделение за финансии, ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | Консултација со ЈКП Комунална Хигиена Новаци и техничка поддршка од САЛАР | | |

| Приоритет 6 | | Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 6.2 | | Се спроведуваат препораките од анализата на пропустите | | | | | | | |
| Акција 6.2.2 | | Зголемување на надоместокот за собирање на отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 6.2.2.1 | Презентирање на извештај од анализата за пропустите во надоместоците за отпад на Совет на општина | 1 месец | 3/2025 | Одделение за финансии, ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | / | | |
| 6.2.2.2 | Носење на одлука за зголемување на надоместокот за отпад | 1 месец | 4/2025 | Совет на Општина Новаци | / | / | Консултација со експерти и други општини | Несоодветен надоместок за собирање отпад | Донесена одлука за зголемување на надоместокот |
| 6.2.2.3 | Подигнување на јавната свест за важноста на плаќањето и зголемување на стапката на наплата | Континуирано | 1/2024 - 4/2025 | Градоначалник (на средби со месно население) и членови на Совет на неформални средби со жителите | / | / | Консултација со експерти и други општини | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 6 | | Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад | | | | | | | |
| Цел 6.2 | | Се спроведуваат препораките од анализата на пропустите | | | | | | | |
| Акција 6.2.3 | | Зголемување на стапката на наплата на надоместокот за отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 6.2.3.1 | Мотивирање на граѓаните за зголемување на стапката за наплата преку обезбедување на бенефит од отпадот кој се рециклира | Континуирано | 1/2024 - 4/2025 | Градоначалник, Совет на општина и ЈКП | / | / | / | Постои простор за подобрување на стапката на наплата | Зголемена е стапката на наплата на надоместокот за отпад |
| Приоритет 6 | | Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад | | | | | | | |
| Цел 6.2 | | Се спроведуваат препораките од анализата на пропустите | | | | | | | |
| Акција 6.2.5 | | Обезбедување дополнителен приход од трговија со отпад | | | | | | | |
| Координација со: | | ЈКП Комунална Хигиена Новаци, фирми кои работат со отпад во овие два региона | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 6.2.5.1 | Анализа на пазарот | 3 месеци | 1/2025 | ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | | Нема дополнителни приходи од трговија со отпад | Обезбедени се дополнителни приходи од трговија со отпад |
| 6.2.5.2 | Контактирање со можни купувачи и продавачи | 1 месец | 1/2025 | ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 6.2.5.3 | Склучување на договори | 2 месеци | 2/2025 | ЈКП Комунална хигиена Новаци | / | / | Правна поддршка | | |

# 5. Следење на реализација на ЛАП и известување



Следењето, верификацијата на податоците и известувањето на овој ЛАП за одржливо управување со отпад ќе играат клучна улога во неговото ефикасно спроведување. Методите кои ќе бидат применети за следење на неговата реализација ќе имаат цел да го осигураат напредокот кон постигнување на целните индикатори за секоја од акциите на овој ЛАП.

За непрекинато следење на ЛАП е предвидено општинската работната група за управување со отпад да се среќава по потреба, но најмалку еднаш месечно. На таа средба ќе се координираат активностите и дискутира напредокот во реализацијата со осврт на сработеното и воочените потешкотии. За утврдување на степенот на реализација, ажурирање на активностите и анализа на сработеното, предвидена е евалуација на ЛАП кон крајот на првата година (2024). Ова ќе гарантира дека ЛАП ќе остане динамичен плански документ кој одговара на новоидентификуваните потреби и предизвици. Искуството стекнато во процесот како и научените лекции ќе бидат од непроценлива важност при изработката на новиот Регионален план за управување со отпад 2026-2031.

Континуираното известување и комуникација со сите актери вклучени во реализацијата на планот ќе овозможи навремени прилагодувања, на тој начин зголемувајќи ја приспособливоста и ефективноста на ЛАП. Модалитети на меѓуопштинска соработка се веќе вклучени во планот што ќе овозможи споделување на добрите пракси и научените лекции со другите општини во регионот. Два ротирачки члена на управниот одбор на проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“ доаѓаат од општините во пелагонискиот и југозападниот регион што ќе овозможи блиска комуникација со донаторската зедница и засилена поддршка за реализација на активностите од планот.

Користењето на различни алатки како што се истражувања и теренски активности, заедно со верификацијата на податоците од општинската евиденција, извештаите и повратните информации од засегнатите страни и граѓаните, ќе ја гарантира веродостојноста на процесот на следење.

Посветеноста на општината кон континуирано следење и известување на овој ЛАП не само што ќе го зајакне неговиот кредибилитет, туку и ќе воспостави основа за донесување одлуки базирани на докази, промовирајќи го одржливото управување со отпадот во нашата општина.

Табелата подолу ги опишува очекуваните еколошки, социјални и економски влијанија на Локалниот акциски план (ЛАП), истовремено осигурувајќи дека неговата имплементација останува усогласена со принципите на одржливост, избегнувајќи негативни последици врз животната средина и социо-економските можности на жителите во општината.

| Бр. | Прашања | Да | Не | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали ЛАП ќе има негативно влијание врз животната средина? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко | | x | Овој ЛАП ќе има влијание врз животната средина но во позитивна насока, затоа што ќе се исчистат и затворат старите диви депонии, ќе се преземат акции за зголемување на свеста кај населението за неопходноста од селектирање на отпадот, не фрлање на губре на други локации освен посочените места за одлагање на смет, ќе се организораат работилници за најмладите кои ќе се едуцираат како треба да се постапува со отпадот, да не се загадува воздухот, почвата и воопшто животната средина во Општина Новаци. |
| 2 | Дали влијанието оди вон рамките на планот?<br>Дали реализацијата на планот оди вон рамките на планирањето? Објаснете накратко | | x | Не, се што е планирано во ЛАП – от ќе биде исполнето согласно планираното и нема да с еизлегува од тие рамки при спроведување на истиот. |
| 3 | Дали планот вклучува промени или деградација на природните живеалишта? Објаснете накратко | | x | Не, планот не вклучува деградација на природни живеалишта. |
| 4 | Дали планот ќе го влоши квалитетот на водата во општината? | | x | Не, планот нема да го влоши квалитетот на водата во Општина Новаци, напротив со чистење на ѓубриштата и затворањето на дивитие депонии ќе се влијае на подобрување на квалитетот на водата и спречување на загадување на истата. |
| 5 | Дали планот ќе го влоши квалитетот на почвата во општината? | | x | Не, планот нема да го влоши квалитетот на почвата во Општина Новаци, напротив со чистење на ѓубриштата и затворањето на дивитие депонии ќе се влијае на подобрување на квалитетот на почвата и спречување на загадување на истата. |
| 6 | Дали ЛАП има негативно социјално влијание?<br>Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко | | x | Не, планот нема големо негативно социјално влијание затоа што во периодот за кој се однесува нема да има ниту нови вработувања на населението, ниту пак отпуштања на моментално вработените во ЈКП Комунална хигиена Новаци. |
| 7 | Дали планот има влијание врз материјални<br>и/или културни ресурси кои што се значајни за локалната заедница? Објаснете накратко | | x | Не планот нема да има никакво влијание врз материјалните и културните ресурси со кои што располага Општина Новаци на нејзина територија, туку спротивно чистењето и затворањето на сегашната депонија во Мегленци ќе биде позитивно затоа што сите туристи кои одат во Мариово мора да поминат покрај оваа депонија а расфрланите губришта и најлони по должината на патот само негативно влијае на нивниот впечаток за Општина Новаци. |
| 8 | Доколку постојат повеќе етнички заедници во вашата општина, дали реализација на планот ќе има негативно влијание врз квалитетот на живот на некои од нив? Објаснете накратко | | x | Не, во Општина Новаци претежно живее македонско население со христијанска вероисповед освен едно населено место (Арматуш) каде населението е од исламската заедница. Сепак, овој ЛАП нема никакво негативно влијание врз етничките заедници во нашата општина ниту пак врз квалитетот на живот. |
| 9 | Дали планот ги зема предвид жените и младите девојки како посебна група граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко | x | | Да, планот ги зема предвид потребите на жените како посебна група и во истиот се предвидени специфични активности кои имаат цел да го подобрат квалитетот на услугите за жените. |
| 10 | Дали планот ги зема предвид ранливите групи граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко | x | | Да, планот ги зема предвид потребите на ранливите групи граѓани и во истиот се предвидени специфични активности кои имаат цел да го подобрат квалитетот на услугите кои го добиваат тие. |
| 11 | Дали планот вклучува губење на имот или средства за живот на жителите во општината? Објаснете накратко | | x | Не, планот не вклучува губење на имот или средства за живот на жителите во Општина Новаци. |
| 12 | Дали планот ќе има негативно влијание врз економските можности и пристапот до пазарот на труд на жителите на општината? Објаснете накратко | | x | Не планот нема да има негативно влијание врз економските можности и пристапот до пазарот на трудот на жителите на Општина Новаци. |

# 6. Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија



Во мисијата да го подобриме управувањето со отпадот и да придонесеме кон поздрава животна средина во нашата општина, нашиот комуникациски пристап ќе се стреми кон активно вклучување на граѓаните и засегнатите страни, позиционирајќи ги како клучни актери во процесот на трансформација кон одржливи пракси. Преку ефективна комуникација, ќе настојуваме да негуваме заеднички идентитет на еколошки свесна општина, користејќи ги дигиталните комуникациски канали и другите средства за информирање кои ни стојат на располагање.

Нашата намера е активно да ги вклучиме граѓаните и засегнатите страни во заедничките напори на општината да ги имплементира активностите од ЛАП. Остварувањето на целите од планот бара поголема свесност, промени во односот на населението кон отпадот и трансформативни промени во начинот на кој комуналните претпријатија се справуваат со отпадот. Колективна посветеност кон одржливи пракси за управување со отпад кај секој граѓанин во нашата заедница ќе се постигне преку програмата за кревање на јавната свест, едукативните програми и таргетираните кампањи за поддршка на одредени активности од ЛАП и програмите за јакнење на капацитетите на општините и комуналните претпријатија.

Активното вклучување на засегнатите страни во сферата на отпадот (кои што беа идентификувани на почетокот на процесот за изработка на ЛАП) ќе биде најважниот аспект на нашата комуникациска стратегија. Во нашите напори за почиста и поодржлива општина, ние ќе настојуваме да ги вклучиме сите членови на заедницата, вклучувајќи ги бизнисите, невладините организации, медиумите, неформалниот сектор, како и јавните институции. ЛАП, неговото спроведување и сите негови промени ќе бидат отворено комуницирани и коментарите ќе бидат земени предвид. Комуникациските канали ги вклучуваат социјалните мрежи, веб страницата на општината, емаил, радио, телевизија и директна комунникација со општинската администрација. Нашиот пристап за вклучување на засегнатите страни ќе биде воден од принципите на отворена комуникација, инклузивност и заедничко одлучување.

Преку негувањето силни врски со засегнатите страни, имаме за цел да изградиме мрежа за поддршка која активно ќе придонесува кон исполнување на целите и приоритетите од акцискиот план за управување со отпад. Со заеднички напори, ќе настојуваме да ја искористиме колективната мудрост и различните перспективи, на тој начин осигурувајќи дека нашите постапки се целосно усогласени со потребите и желбите на целата заедница. Реализацијата на планот зависи од сите нас.

# Изјава за транспарентност



Почитувајќи ги принципите на одговорно владеење, Општина Новаци ја препознава важноста на справување со ризиците од корупција за време на имплементацијата на овој акциски план. Тргнувајќи од тоа, ние сме целосно посветени на спроведување соодветни антикорупциски мерки за да обезбедиме транспарентност и правичност во нашите активности за управување со отпад.

Оваа заложба е во согласност со нашата цел да промовираме одговорни пракси, да ги заштитиме ресурсите, како и да промовираме пристап кој целосно ги заштитува интересите на заедницата при реализацијата на активностите од овој ЛАП за управување со отпад.

При реализацијата на овој акциски план, нашата цел е да бидеме постојано будни, да ги препознаеме појавите на нетранспарентни пракси, и на тој начин да создадеме средина која дава приоритет на интегритетот и одговорното управување со отпадот на локално ниво.




SALAR International

A part of the Swedish Association
of Local Authorities and Regions

Sweden
Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС